РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1368/2
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6та седница, одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-1368/1 од 12.04.2024 година, против ---------, вработен во Агенција за ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се поврзани со надлежно постапување на друг орган, во конкретниот случај на --------------на РСМ, по што пријавата ќе се достави на надлежно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 12.04.2024 година до ДКСК поднесена е пријава против ------------, вработен во ----------- и оформен е предмет број 09-1368/1.

Во пријавата, подносителот наведува дека на ден 20.03.2024 година е објавена вест дека ФК -----------назначил нов директор и на сликата каде е објавена веста, било лицето ------------ кој работи во ---------------- на РСМ. Доставена е фотографија во прилог.

Имено, според пријавителот со ваквото дејствие лицето ----------- го прекршил член 78 од Законот за Агенција за ----------, според кој вработените во спомената агенција не смеат да вршат дополнителни работи, професии, како и дополнителна стопанска или професионална дејност. Понатаму во пријавата е наведено дека еден од спонзорите на ФК ----------- е --------------- на лицето --------------, кој се занимавал со трговија со оружје, што ова дополнително го ставило во судир вработениот во ------------------- на РСМ.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Имено, во случаите каде се прекршени одредбите од Законот за Агенција за --------, надлежена да постапува е -------------- на РСМ, преку Внатрешна контрола, согласно член 20 од истиот закон, до каде ќе се достави пријавата на надлежно постапување.
Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: С.Д. – член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk